ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - ПРИЛЕП

Примено: 29.09.2022			
Орг.единица	Број	Прилог	Вредност
03	7/11		

Здружение за развој
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ
Бр. 0805 – 83/1
02.09. 2022 год.
СКОПЈЕ

До: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ПРИЛЕП

ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Заради спроведување на анализа за избраните и именуваните лица, како и обемот и составот на управните и надзорните одбори во институциите од јавниот сектор, Ве молиме да ни ги доставите следните податоци:

1. **Ве молиме наведете ја моменталната раководна структура во вашата институција:**

А) Директор (доколку имате и финансиски директор, Ве молиме впишете)	Впишете број: _____	маж: _____ жена:_____
Б) в.д. Директор	Впишете број: 1	маж: 1 жена:_____
В) Заменик директор	Впишете број: _____	маж: _____ жена:_____

2. **Ве молиме пополнете ја табелата според етничката припадност и степенот на образование на раководната структура со впишување на соодветниот број:**

За директор / ВД директорот (впишете вкупен број на членови) 1		**За заменикот (доколку има) (впишете вкупен број на членови) _____**	
Етничка припадност:	Степен на образование:	Етничка припадност:	Степен на образование:
A. Македонец/ка B. Албанец/ка C. Турчин/ка D. Ром/ка E. Србин/ка F. Босанец/ка G. Влав/Влаинка H. Други	A. Основно образование B. Средно образование C. Вишо образование D. Високо образование E. Магистратура F. Докторат	A. Македонец/ка B. Албанец/ка C. Турчин/ка D. Ром/ка E. Србин/ка F. Босанец/ка G. Влав/Влаинка H. Други	A. Основно образование B. Средно образование C. Вишо образование D. Високо образование E. Магистратура F. Докторат

3. **Дали во вашата институција има раководни лица ангажирани со менаџерски договори?**

Лица ангажирани со менаџерски договор	Впишете број: 1	маж: _____ жена:_____

4. **Дали за избор/именување на директорот и на заменик директорот (доколку има) е распишан јавен оглас?**

А) Директор	Впишете број на оглас: _____	Каде е објавен огласот ? _____ Ве молиме доставете копија или линк од огласот доколку е објавен.
Б) в.д. Директор	Впишете број на оглас: _____	Каде е објавен огласот? _____ Ве молиме доставете копија или линк од огласот доколку е објавен.
В) Заменик директор	Впишете број на оглас: _____	Каде е објавен огласот? _____ Ве молиме доставете копија или линк од огласот доколку е објавен.

5. **Дали за избор/именување на директорот и на заменик директорот (доколку има) е спроведена постапка за селекција и од што се состои таа постапка?**

А) Директор	Впишете фази на селекција _____	Број на записниците од постапката за избор, доколку има? _____ Ве молиме доставете копија од записниците доколку има или линк доколку се објавени.
Б) в.д. Директор	Впишете фази на селекција _____	Број на записниците од постапката за избор, доколку има? _____ Ве молиме доставете копија од записниците доколку има или линк доколку се објавени.
В) Заменик директор	Впишете фази на селекција _____	Број на записниците од постапката за изброо, доколку има? _____ Ве молиме доставете копија од записниците доколку има или линк доколку се објавени.

6. **Кој ја носи Одлуката за избор/именување на директорот и на заменик директорот (доколку има)?**

А) Директор	Впишете назив на институција/тело кое ја носи одлуката _____	Број на одлуката ? _____ Ве молиме доставете копија од Одлуката.
Б) в.д. Директор	Впишете назив на институција/тело кое ја носи одлуката ГРАДОНАЧАЛНИК	Број на одлуката ? _____ Ве молиме доставете копија од Одлуката.
В) Заменик директор	Впишете назив на институција/тело кое ја носи одлуката _____	Број на одлуката ? _____ Ве молиме доставете копија од Одлуката.

7. **Дали Одлуката за избор/именување на директорот и на заменик директорот (доколку има) е јавно објавена?**

А) Директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку е објавена наведете линк? _____
Б) в.д. Директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку е објавена наведете линк? _____
В) Заменик директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку е објавена наведете линк? _____

8. **Дали за престанок на мандатот односно за разрешување на претходниот директор и заменик директор (доколку има) е донесена образложена одлука?**

А) Директор	Заокружи: (ДА) НЕ	Каде е објавена Одлуката? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката.
Б) в.д. Директор	Заокружи: ДА НЕ	Каде е објавена Одлуката? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката.
В) Заменик директор	Заокружи: ДА НЕ	Каде е објавена Одлуката? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката.

9. **Дали директорот и заменик директорот (доколку има) подготвуваат и доставуваат годишен план за својата работа и/или работата на институцијата со која раководат?**

А) Директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку имаат годишен план каде е објавен? _____ Ве молиме доставете копија од годишниот план или линк каде што е објавен.
Б) в.д. Директор	Заокружи: (ДА) НЕ	Доколку имаат годишен план каде е објавен? https://jpzapup.com Ве молиме доставете копија од годишниот план или линк каде што е објавен.
В) Заменик директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку имаат годишен план каде е објавен? _____ Ве молиме доставете копија од годишниот

		план или линк каде што е објавен.

10. Дали директорот и заменик директорот (доколку има) подготвуваат и доставуваат годишен извештај за својата работа и/или работата на институцијата со која раководат?

А) Директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку има годишен извештај каде е објавен ? _____ До кого го доставува извештајот ? _____ Ве молиме доставете копија од извештајот.
Б) в.д. Директор	Заокружи: (ДА) НЕ	Доколку има годишен извештај каде е објавен ? https://pzapup.com До кого го доставува извештајот ? До Совет на Општина Прилеп Ве молиме доставете копија од извештајот.
В) Заменик директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку има годишен извештај каде е објавен ? _____ До кого го доставува извештајот ? _____ Ве молиме доставете копија од извештајот.

11. Дали директорот и заменик директорот (доколку има) се оценети за својата работа врз основа на извештајот за работата?

А) Директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку се оценети која е годишната оцена за 2021 година? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката за оценување.
Б) в.д. Директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку се оценети која е годишната оцена за 2021 година? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката за оценување.
В) Заменик директор	Заокружи: ДА НЕ	Доколку се оценети која е годишната оцена за 2021 година? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката за оценување.

12. **Ве молиме наведете го бројот на членови на управниот и надзорниот одбор во вашата институција:**

А) Членови на управен одбор (**УО**)	Впишете број: 5	Мажи: 1 Жени: 4
Б) Членови на надзорен одбор (**НО**)	Впишете број: 5	Мажи: 4 Жени: 1

13. **Ве молиме пополнете ја табелата според етничката припадност и степенот на образование на членовите на управниот и надзорниот одбор со впишување на соодветниот број:**

За членовите на УО (впишете вкупен број на членови) ---- 5		**За членовите на НО (впишете вкупен број на членови) ---- 5**	
Етничка припадност:	Степен на образование:	Етничка припадност:	Степен на образование:
Македонци/ки 5 Албанци/ки____ Турци/чинки____ Роми/ки ____ Срби/ки ____ Босанци/ки ____ Власи/инки ____ Други ____	Основно образование ____ Средно образование ____ Вишо образование ____ Високо образование 5 Магистратура ____ Докторат ____	Македонци/ки 5 Албанци/ки____ Турци/чинки____ Роми/ки ____ Срби/ки ____ Босанци/ки ____ Власи/инки ____ Други ____	Основно образование ____ Средно образование ____ Вишо образование____ Високо образование 5 Магистратура ____ Докторат _____

14. **Дали постојат критериуми за избор на членовите на УО и НО? Ве молиме наведете ги поединечно критериумите за избор на членови на УО и НО (пр. години искуство, степен на образование, образовен профил и сл);**

Во прилог: чл. 21 од Статутот на ЈП за ПУП
чл. 34 од Статутот на ЈП за ПУП

15. **Ве молиме наведете како е регулиран изборот на членови на УО и НО? Доколку има соодветна регулатива (закон, правилник и сл.), упатете не на соодветниот документ (или доставете го во прилог)**

_____

16. **Дали за избор/именување на членови на УО и НО е распишан јавен оглас?**

А) Членови на УО	Впишете број на оглас: _____	Каде е објавен огласот? _____ Ве молиме доставете копија од огласот доколку е објавен.
Б) Членови на НО	Впишете број на оглас: _____	Каде е објавен огласот? _____ Ве молиме доставете копија од огласот доколку е објавен.

17. **Дали за избор/именување на членови на УО и НО е спроведена постапка за селекција и од што се состои таа постапка?**

А) Членови на УО	Впишете фази на селекција _____	Број на записниците од постапката за селекција, доколку има? _____ Ве молиме доставете копија од записниците доколку има.
Б) Членови на НО	Впишете фази на селекција _____	Број на записниците од постапката за селекција, доколку има? _____ Ве молиме доставете копија од записниците доколку има.

18. **Кој ја носи Одлуката за избор/именување на членови на УО и НО?**

А) Членови на УО	Впишете назив на институција/тело кое ја носи одлуката СОВЕТ НА ОПШТИНА Прилеп	Број на одлуката? 09-2879/9 од 07.12.2021 г. Ве молиме доставете копија од Одлуката.
Б) Членови на НО	Впишете назив на институција/тело кое ја носи одлуката СОВЕТ НА ОПШТИНА Прилеп	Број на одлуката? 09-2879/8 од 07.12.2021 г. Ве молиме доставете копија од Одлуката.

19. Дали Одлуката за избор/именување на членови на УО и НО е јавно објавена?

А) Членови на УО	Заокружи: ДА НЕ	Доколку е објавена наведете линк? _____
Б) Членови на НО	Заокружи: ДА НЕ	Доколку е објавена наведете линк? _____

20. Дали за престанок на мандатот односно за разрешување на членови на УО и НО е донесена образложена одлука?

А) Членови на УО	Заокружи: ДА НЕ	Каде е објавена Одлуката? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката.
Б) Членови на НО	Заокружи: ДА НЕ	Каде е објавена Одлуката? _____ Ве молиме доставете копија од одлуката.

21. Дали УО и НО подготвуваат и доставуваат годишен план за својата работа?

А) УО	Заокружи: ДА НЕ	Доколку имаат годишен план за работа, каде е објавен? _____ Ве молиме доставете копија од планот.
Б) НО	Заокружи: ДА НЕ	Доколку имаат годишен план за работа, каде е објавен? _____ Ве молиме доставете копија од планот.

22. Дали УО и НО подготвуваат и доставуваат годишен извештај за својата работа?

А) УО	Заокружи: ДА НЕ	Доколку имаат годишен извештај каде е објавен ? _____ Ве молиме доставете копија од извештајот.
Б) НО	Заокружи: ДА НЕ	Доколку имаат годишен извештај каде е објавен ? _____ Ве молиме доставете копија од извештајот.

23. Колку седници годишно имаат оддржано УО и НО во 2019, 2020 и 2021 година?

А) УО	Наведете број на седници: 29	Ве молиме доставете копија од записниците од одржаните седници.
Б) НО	Наведете број на седници: 15	Ве молиме доставете копија од записниците од одржаните седници.

24. Колку одлуки годишно имаат донесено УО и НО во 2019, 2020 и 2021 година?

А) УО	Наведете број на одлуки: 127	Ве молиме доставете копија од одлуките.
Б) НО	Наведете број на одлуки: 32	Ве молиме доставете копија од одлуките.

25. Ве молиме доставете информација за висината на платата на раководната структура на Вашата институција:

А) Директор или в.д. Директор	Впишете висина на нето износот на платата (во денари): 40.500,00
Б) Финансиски директор (доколку има)	Впишете висина на нето износот на платата (во денари): _____
В) Заменик директор	Впишете висина на нето износот на платата (во денари): _____

26. Ве молиме да посочите на кој начин се врши исплатата на надоместокот за членовите на УО и/или НО:

а) Членовите добиваат месечен надомест (паушал);
б) Членовите добиваат надомест за одржана седница;
в) И двете;
г) Не добиваат надомест.

27. Ве молиме да ни доставите информација за висината на паричниот надомест (во нето износ) кој го добиваат членовите на управниот, односно надзорниот одбор:

А) За член на УО	Впишете го месечниот надомест (доколку го има): _____	Впишете висина на надомест по седница (доколку се исплатува): 800,33	Вкупен број на седници на УО за: 2019 година 12 2020 година 6 2021 година 11
Б) За член на НО	Впишете го месечниот надомест (доколку го има): _____	Впишете висина на надомест по седница (доколку се исплатува): 800,33	Вкупен број на седници на НО за: 2019 година 5 2020 година 4 2021 година 6

28. Ве молиме назначете колку е должината на мандатот на членовите на УО/НО:

а) четири години без право на реизбор;

(б) четири години со право на реизбор;

в) друго _____

29. Во кој документ е утврдена висината на надоместокот за членовите на УО и НО? Ве молиме упатете на соодветниот документ (или доставете го во прилог)

_____

_____

30. Колку вработени има вашата институција (без избрани и менувани лица)?

68

31. Колку нови лица се вработени и/или ангажирани во вашата институција на неопределено време, на определено време, со авторски договори, договори на дело и друг вид на договори во последните три години (без избрани и менувани лица)?

Вид на договор/вработување	2019 година	2020 година	2021 година
Неопределено			
Определено	24	24	23
Авторски договор			
Договор на дело			
Друг вид на договор			

[redacted]

[redacted]

32. Колку изнесува вкупниот буџет на институцијата на годишно ниво (износ во денари) и колку од буџетот е реализиран до крајот на годината, и тоа за 2019, 2020 и 2021 година?

2019 година				2020 година				2021 година			
Планиран Буџет		**Реализиран буџет**		**Планиран Буџет**		**Реализиран буџет**		**Планиран Буџет**		**Реализиран буџет**	
Плати и надоместоци	31600.000	Плати и надоместоци	32.000.000	Плати и надоместоци	33.700.000	Плати и надоместоци	33.900.000	Плати и надоместоци	31.700.000	Плати и надоместоци	32.000.000
Резерви и недефинирани расходи	—	Резерви и недефинирани расходи	—	Резерви и недефинирани расходи	—	Резерви и недефинирани расходи	—	Резерви и недефинирани расходи	—	Резерви и недефинирани расходи	—
Стоки и услуги	490.000	Стоки и услуги	366.000	Стоки и услуги	350.000	Стоки и услуги	400.000	Стоки и услуги	350.000	Стоки и услуги	380.000
Тековни трансфери до вонбуџетски фондови	—	Тековни трансфери до вонбуџетски фондови	—	Тековни трансфери до вонбуџетски фондови	—	Тековни трансфери до вонбуџетски фондови	—	Тековни трансфери до вонбуџетски фондови	—	Тековни трансфери до вонбуџетски фондови	—
Тековни трансфери до ЕЛС	—	Тековни трансфери до ЕЛС	—	Тековни трансфери до ЕЛС	—	Тековни трансфери до ЕЛС	—	Тековни трансфери до ЕЛС	—	Тековни трансфери до ЕЛС	—
Камати	20.000	Камати	—	Камати	50.000	Камати	—	Камати	100.000	Камати	100.000
Субвенции и трансфери	—	Субвенции и трансфери	—	Субвенции и трансфери	—	Субвенции и трансфери	—	Субвенции и трансфери	—	Субвенции и трансфери	—
Социјални бенефиции	—	Социјални бенефиции	—	Социјални бенефиции	—	Социјални бенефиции	—	Социјални бенефиции	—	Социјални бенефиции	—
Капитални трошоци	—	Капитални трошоци	—	Капитални трошоци	—	Капитални трошоци	—	Капитални трошоци	—	Капитални трошоци	—
Кредити	—	Кредити	—	Кредити	—	Кредити	—	Кредити	—	Кредити	—

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - ПРИЛЕП

ПРИМЕНО: 27. 05. 2022			
Орг. ед.	Број	Прилог	Вреднт.
04	730/1		

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 19-а став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/2019), Градоначалникот на општина Прилеп, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови-Прилеп

1.Се именува Зоран Јовески, доктор на економски науки за вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр. 08- 2695/4 од 24.11.2021 година

О б р а з л о ж е н и е

На ден 19.05.2022 година во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Лајм“ објавен е Јавен конкурс за избор на директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови- Прилеп.Со Одлука на градоначалникот на Општина Прилеп, не е извршен избор на директор на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови- Прилеп по распишаниот конкурс.

Според член 19-а став 5 од Законот за јавните претпријатија ако по распишаниот конкурс не се избере директор, градоначалникот на општината, во рок од пет дена од денот на истекот на рокот од ставот 4 на овој член именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс но не подолго од шест месеци. Согласно погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. 08-1665/7

27.05.2022 година

Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК

Република Северна Македонија Општина Прилеп Градоначалник

Борче Јовчески

Доставено до:

-именуваниот,

-ЈП за ПУП- Прилеп

-архива на Општина Прилеп

Изработил: Маре Наумоска

Проверил: Алкандра Кокароска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - ПРИЛЕП

ПРИМЕНО	26.11.2021		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредн.
04	1038/1		

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 , 64/2018, 35/2019, 275/2019), Градоначалникот на општина Прилеп, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на Вршител на должноста директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови-Прилеп

1.Се именува **Зоран Јовески**, доктор на екк науки, за вршител на должноста директор на **Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови -Прилеп**, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение за разрешување на директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови-Прилеп бр. 08-2695/2 од 19.11.2021 година, Градоначалникот на Општина Прилеп го разреши Директорот на ЈП за ПУП-Прилеп, за незаконито постапување, односно за работење и постапување спротивно на закон.

Според член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија, до изборот на нов директор, Градоначалникот во рок од пет дена од денот на донесувањето на Одлуката за разрешување, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци.

Согласно погоренаведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Број 08-2695/4
24.11.2021 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Доставено до:
-именуваниот,
- ЈП за ПУП-Прилеп
-архива на Општина Прилеп

Изработил: Маре Наумоска

УПРАВЕН ОДБОР

Член 20

Управниот одбор на претпријатието се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Основачот.

Во Управниот одбор Основачот именува 3 (три) члена од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на претпријатието и 2 (два) члена од вработените во претпријатието по предлог на стручниот колегиум.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 (четири) години.

Член 21

За претседател и член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум три години работно искуство,
- поседува меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа за претседателот: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 45 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3.5 бода, ПЕТ (Cambridge English: Preliminary) - положен, БЕК П (Business English Certificate: Preliminary) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 40 бода или Аптис (APTIS) - најмалку ниво В1 (Б1), а за членовите: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво А2 (А2) и
- има положено психолошки тест и тест за интегритет.

За претседател на Управниот одбор, заменик или член, не може да биде именовано лице на кое со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама, издавање чек без покритие, злоупотреба на довербата, фалсификат, лажна изјава дадена под заклетва, освен ако му биде избришана осудата, како и лице кое било член на Управен одбор, друг орган на управување или носител на раководна функција во претпријатие кое престанало со стечај.

Член 22

Членот на Управниот одбор не може да има лично, преку трето лице или по било која основа интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во претпријатието.

Секој член на Управниот одбор, како и Директорот на претпријатието се должни да го предупредат Основачот за постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Член 23

Управниот одбор на претпријатието ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на претпријатието во согласност со Законот.

Член 24

Управниот одбор на претпријатието:

1) го донесува Статутот и другите акти на претпријатието;
2) одлучува за статусните промени и основање на друштва согласно Законот;
3) ја усвојува Програмата за работа и развој на претпријатието;
4) ја утврдува деловната политика;
5) ја усвојува годишната сметка, годишните финансиски извештаи и извештајот за работењето на претпријатието;
6) одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието и покривањето на загубите;
7) ги донесува тримесечните финансиски извештаи;
8) го усвојува елаборатот за пописот на средствата,побарувањата и обврските на претпријатието;
9) го донесува годишниот финансиски план;

10) го донесува годишниот план за јавни набавки;
11) одлучува за задолжување на претпријатието со кредити и давање заем;
12) одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење;
13) донесува одлуки за инвестиции;
14) ги утврдува цените на производите и услугите;
15) го донесува актот за внатрешната организација на претпријатието;
16) го донесува актот за начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во претпријатието;
17) донесува деловник за работа;
18) одлучува за службени патувања во странство;
19) одлучува во втор степен по приговорите и барањата за заштита на правата на работниците;
20) одлучува за промена на дејноста, фирмата, седиштето, печатот, штембилот и амблемот на претпријатието;
21) формира комисии (постојани и повремени);
22) одлучува за именување и разрешување на членовите во комисиите предвидени со актите на претпријатието;
23) одлучува за вршење попис на средствата, побарувањата и обврските;
24) го усвојува извештајот за попис на средствата, побарувањата и обврските;
25) одлучува за набавка на основни средства;
26) одлучува за расходување и отуѓување на основни средства;
27) донесува одлука за употреба на посебната резерва заради покривање на загубата на претпријатието;
28) одлучува за вршење отпис на средствата, побарувањата и обврските;
29) одлучува за отстапување и давање под закуп на основни средства и движен и недвижен имот;
30) одлучува за доделување финансиска помош, спонзорства и донации;
31) одлучува за склучување колективен договор;
32) се грижи за информирањето на работниците;
33) одлучува за преземање на мерки за заштита при работа, противпожарна заштита и унапредување на животната средина;
34) одлучува за прашања од областа на одбраната;
35) ги донесува општите акти на прептпријатието;
36) ги определува овластените потписници на друштвото;
37) врши и други работи утврдени со Закон и овој Статут. "

Член 25

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Член 26

Претседателот на Управниот одбор ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор, ги потпишува одлуките и општите акти кои ги донесува Управниот одбор, одобрува користење на годишен одмор и службени патувања во странство на директорот на претпријатието, врши и други работи согласно одредбите на статутот и деловникот за работа на управниот одбор.

Кога Претседателот е отсутен, не е во можност или од други причини не ги извршува должностите, работите од став 1 на овој член ги врши заменикот на претседателот.

Член 27

Управниот одбор работи на седници.

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Секој член на Управниот одбор при гласањето има право на еден глас.

Член 28

За работата на секој состанок на Управниот одбор се подготвува записник во рок од три дена од денот на одржувањето.

Записникот го потпишува записничарот и претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство заменикот на претседателот.

Записникот треба да содржи податоци за начинот на кој што работел Управниот одбор, времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, дискусијата по точките од дневниот ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од гласањето.

Во записникот може, по барање на членот, кој гласал „за" или „против" да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интереси, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.

Член 29

Претпријатието не може на претседателот, заменикот на претседателот и членовите на Управниот одбор да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземената обврска спротивно на став 1 на овој член е ништавна и без правно дејство. Неспоива е функцијата претседател и член на Управниот одбор на претпријатието со функцијата претседател и член на Влада на Република Македонија, како и функцијата Градоначалник на Општината.

Член 30

Членовите на Управниот одбор одговараат за резултатите од работењето и за законитоста на работењето на претпријатието.

Членовите на Управниот одбор одговараат материјално за штетата нанесена на претпријатието со извршување на одлуките.

Одговорноста на членовите на Управниот одбор се утврдува согласно со одредбите на Законот за трговските друштва кои се однесуваат на членовите на одборот на директори и членовите на управниот одбор.

Член 31

Начинот на работата на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловник за работа.

Член 32

За вршење на својата функција членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува Управниот одбор на претпријатието.

Член 33

Основачот на јавното претпријатие дава согласност на:

1. Статутот на јавното претпријатие;
2. Статусните промени;
3. Основањето на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво;
4. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
5. Актот за задолжување на јавното претпријатие;
6. Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело;
7. Актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
8. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие и
9. Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 34

За вршење контрола на материјално-финансиското работење на претпријатието се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст Надзорен одбор) составен од 5 (пет) члена.

Членовите на Надзорниот одбор, ги именува и разрешува основачот со мандат од 4 (четири) години.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум три години работно искуство,
- поседува меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа за претседателот: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 45 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3.5 бода, ПЕТ (Cambridge English: Preliminary) - положен, БЕК П (Business English Certificate: Preliminary) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 40 бода или Аптис (APTIS) - најмалку ниво B1 (Б1);, а за членовите: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво A2 (A2) и 10
- има положено психолошки тест и тест за интегритет.

Надзорниот одбор од редот на своите членови избира и разрешува Претседател и Заменик претседател на Надзорниот одбор.

Член 35

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седниците на Управниот одбор, доколку Управниот Одбор има потреба од нивно присуство, за што на истите им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Член 36

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на претпријатието и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието ако предходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Член 37

Член на Надзорниот одбор не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друштво, кое е во деловни односи со претпријатието, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие.

Секој член на Надзорниот одбор е должен да го предупреди основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Надзорниот одбор.

Член 38

За член на Надзорниот одбор не може да биде именувано лице на кое со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама, издавање на чек без покритие, злоупотреба на довербата, фалсификат, лажна изјава дадена под заклетва, освен ако му биде избришана осудата, како и лице кое било член на Управниот одбор или друг орган на управување или носител на раководна функција во претпријатие кое престанало со стечај.

Член 39

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

За вршење на својата функција членовите на Надзорниот одбор имаат право на надоместок.

Висината на надоместокот ја утврдува Управниот одбор на претпријатието.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002), член 16 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и "Службен весник на РСМ"бр. 275/2019) член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2020)Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 07.12.2021 година, донесе:

ПРИМЕНО: 15.12.2021
Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн.
02 | 11291/1

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп

1. Со ова Решение за членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп се именуваат:

-**Кети Бикоска**(Дипломиран економист)
-**Зоран Тодороски**(Земјоделски факултет - Агроном)
-**Александар Николоски**(Дипломиран сообрајќаен инжинер)
-**Александар Ѓорѓиоски** (Дипломиран економист)
-**Коста Миоски**(Инжинер по електроника)

2. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

3.Решението да се достави до именуваните, до ЈП за ПУП Прилеп, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број09-2879/9
07.12.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002), член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; и "Службен весник на РСМ"бр.275/2019), член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2020) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 07.12.2021година, донесе:

ПРИМЕНО: 15.12.2021
Орг. ед. | Број: 02 1130/1 | Прилог | Вредн.

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на членови во Управниот одбор на ЈП за ПУП Прилеп

1.Со ова Решение за членови во Управниот одбор на на ЈП за ПУП Прилеп се именуваат:

-**Слободан Ѓорѓиоски**(Дипломиран електро инжинер)
-**Звездан Карески**(Дипломиран градежен инжинер)
-**Снежана Парапанска** (Дипломиран економист)
-**Никола Ржаникоски**(Дипломиран рударски инжинер)
-**Златко Талески**(Дипломиран архитект)

2. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

3.Решението да се достави до именуваните, до ЈП за ПУП Прилеп, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-2879/8
07.12.2021 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
На Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 24-а став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019, 275/2019), а согласно член 20 став 1 точка 1 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови број 03-499/9 од 10.05.2021 , Градоначалникот на општина Прилеп, донесе:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - ПРИЛЕП

ПРИМЕНО: 23.11.2021г.			
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредн.
03	1033/1		

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување на директор на

Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови - Прилеп

1.Се разрешува Илија Иваноски, дипломиран економист, од директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови -Прилеп.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука бр.08-499/8 од 24.03.2021 година на градоначалникот на Општина Прилеп, Илија Иваноски е именуван за директор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови-Прилеп.

На 18.11.2021 година Комисијата за селекција во постапка за вработување достави Известување број 03-1018/1 од 18.11.2021 година до Градоначалникот на Општина Прилеп за незаконито постапување на директорот на ЈП за ПУП Прилеп. Имено на 04.08.2021 година објавен е јавен оглас број1/2021 година кој што е спротивен на член 37-и од Законот за јавните претпријатија. И покрај констатирањето на незаконитоста на јавниот оглас утврдена од страна на Комисијата за селекција во поглед на рокот за пријавување по јавниот оглас, Записник заведен под бр. 03-982/4/1 од 04.11.2021 година, директорот и понатаму настојува да се продолжи со постапката по јавниот оглас, одговор од директорот број 04-982/2 од 17.11.2021 година.

Според член 24-а став 1 алинеа 3 од Законот за јавните претпријатија директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот „ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив“.Според член 20 став 1 точка 1. од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови број 03-499/9 од 10.05.2021 година, директорот има обврска законито да ги извршува своите обврски утврдени со закон, статутот на јавното претпријатие и овој договор.

Според став 2 од истиот член градоначалникот на општината во случаите од став 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

Согласно погоре наведеното, а затоа што директорот на ЈП за ПУП-Прилеп Илија Иваноски во постапката по јавниот оглас број1/2021 година постапува спротивно на законот за јавните претпријатија, односно незаконито ги извршува своите обврски утврдени со закон, градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08- 2695/2

19.11.2021 година

Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК

на Општина Прилеп

Борче Јовчески

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

Доставено до:

-именуваниот,

-ЈП за ПУП - Прилеп

-архива на Општина Прилеп

Изработил: Маре Наумоска

Проверил: Александра Кокароска

Почитувани Ве известуваме дека за тековите ја
кои немаше доделен договор во моментов одвиваат се
до градежните на О.Трнаец Сасет на О.Трнаец и
Угровски и НО при ЈП. за ПЧП.

Ние не сме надлежни за ниедно работење.

[redacted]

[redacted]

Форма во која се бара информацијата:

- Препис
- Фотокопија
- Електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- по пошта -
- е-маил – d[redacted]

Контакт:

- е-пошта: [redacted]
- [redacted]

[redacted]

Датум и место

29.09.2022 година,
Скопје

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. Прилепски Бранители бр.1, 7500 Прилеп
тел. **048 401 725**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-7/11-1
20.10 2022 Год
Прилеп

ДО

Ул. [redacted]

ОДГОВОР НА БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани, во прилог Ви го доставуваме пополнетиот образец од барањето за пристап до информации од јавен карактер со Ваш бр.0508-83/1 од 02.09.2022 год. Воедно Ве известуваме дека точките за кои немаме дадено одговор не се во наш домен, Ве молиме обратете се до Градоначалник на Општина Прилеп, Совет на Општина Прилеп и Управниот и Надзорниот орган при ЈП за ПУП Прилеп.

Контакт: prilep@prilep.gov.mk
тел. 048-401-720

Изработил:

[redacted]

ЈП за ПУП – Прилеп
Директор
в.д. Зоран Јовески

Прилеп,20.10.2022 год.